# ИСТРАЖУВАЧКО ДРУШТВО " УРСУС СПЕЛЕОС "

**EXPLORING SOCIETY “URSUS SPELEOS”**

**Канцеларија Скопје**: ул.Добромир Хрс бр.20А, електронска пошта: contact.ursusspeleos@gmail.com
www.ursusspeleos.com.mk ,жиро сметка: 210-0551360001-58, НЛБ Тутунска банка-Скопје, ЕДБ:40300014116922


# Повик за ангажирање на експерт од областа на кризен менаџмент за подготовка на план за справување со пожари на отворен простор

Истражувачкото друштво „Урсус спелеос“ во рамките на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк „Галичица“ од негативните ефекти на климатските промени“, поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust - PONT, го објавува следниот повик:

## ПОВИК

## За (1) експертска позиција од областа на кризен менаџмент за подготовка на план за справување со пожари на отворен простор

| | |
|---|---|
| **Проект** | „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк „Галичица“ од негативните ефекти на климатските промени“ |
| **Задача** | Подготовка на план за справување со пожари на отворен простор за Национален парк „Галичица“ и сценарио за практична вежба за справување со пожари на отворен простор. |
| **Временска рамка** | 15.02.2025 – 31.05.2025 |
| **Вид на ангажирање** | Консултантска услуга |
| **Отворен повик за** | Кризен менаџмент |
| **Краен рок за аплицирање** | 10.02.2025 година |

| | |
|---|---|
| **Контакт мејл за испраќање на апликации** | contact.ursusspeleos@gmail.com |

**Клучни зборови**: пожари на отворен простор, дејствување во случај пожари на отворен простор, сценарио за вежба.

## 1. ОПИС И РАБОТНИ ЗАДАЧИ И ОЧЕКУВАНИ ВО РАМКИТЕ НА ПОВИКОТ

Со цел исполнување на ангажманот што е предмет на повикот - Подготовка на план за справување со пожари на отворен простор за Национален парк „Галичица", експертот треба да ги изврши следните работни задачи во соработка со Националниот парк „Галичица":

- Подготовка на методологија за изработка на план за справување со пожари на отворен простор за Национален парк „Галичица"
- Реализација на кабинетски истражувања и интерполација на податоци за влијанието на климатските промени врз пожарите на отворен простор во Национален парк „Галичица"
- Соработка со Национален парк „Галичица" и останати релевантни институции од аспект на размена на информации
- Подготовка на финален документ, план за справување со пожари на отворен простор
- Подготовка на сценарио за практична вежба на тема: Пожар на отворен простор во Национален парк „Галичица"
- Користење на терк за изработка на план за справување со пожари на отворен простор, донесен од страна на Дирекцијата за заштита и спасување на РС Македонија.

Во врска со ангажманот, по завршување на истиот, ангажираниот експерт потребно е да достави:

**Канцеларија Скопје**: ул.Добромир Хрс бр.20А, електронска пошта: contact.ursusspeleos@gmail.com
www.ursusspeleos.com.mk ,жиро сметка: 210-0551360001-58, НЛБ Тутунска банка-Скопје, ЕДБ:40300014116922

- 1 (еден) план за справување со пожари на отворен простор, согласно описот на работните задачи
- 1 (едно) сценарио за практична вежба на тема: Пожар на отворен простор во Национален парк „Галичица“ .

## 2. ТАРГЕТ ГРУПА

Во рамките на проектните активности, **директни корисници** на резултати од проектот ќе бидат:

- Национален парк „Галичица“;
- Невладини организации/проектни партнери (засегнати страни);
- Институции и оргнизации од областа на заштитата на животната средина (засегнати страни);
- Општина Охрид и Општина Ресен, месни заедници на територија на Национален парк „Галичица“;
- Регионален Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување.

## 3. ПРОФИЛ И ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Експертот треба да ги исполнува следните квалификации:

- Експерт од областа на кризен менаџмент;
- Најмалку **5 (пет)** години искуство во областа на кризен менаџмент;
- Искуство во подготовка на планови за заштита и дејствување во случај на пожари на отворен простор;
- Подготвеност за тимска работа;
- Насоченост кон навремено исполнување на зададените задачи.

## 4. ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ

Достава на план за справување со пожари на отворен простор за Национален парк „Галичица“ , **со рок до 30-04-2025 година.**

**Канцеларија Скопје**: ул.Добромир Хрс бр.20А, електронска пошта: contact.ursusspeleos@gmail.com
www.ursusspeleos.com.mk ,жиро сметка: 210-0551360001-58, НЛБ Тутунска банка-Скопје, ЕДБ:4030014116922


Достава на сценарио за практична вежба на тема, пожар на отворен простор во Национален парк „Галичица", со рок до **31-05-2025 година.**

Надоместот се определува согласно доставените финансиски понуди.

Добиените текстови, податоци и фотографии се **одговорност** на самиот автор.

## 5. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите, најдоцна до **10.02.2025** година треба да достават:

- кратка биографија (CV)
- финансиска понуда, со потпис, скенирана и доставена во PDF (бруто износ во МКД со вклучен персонален данок на доход)
- Методологија за изработка на план за справување со пожари на отворен простор за Национален парк Галичица

Документите треба да се достават по електронски пат на contact.ursusspeleos@gmail.com

## 6. ЕВАЛУАЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ

Пристигнатите апликации ќе бидат оценувани и селектирани по следните критериуми:

- Кандидатите што ги исполнуваат целосните критериуми од **Точка 5** ќе бидат селектирани за понатамошно оценување
- Евалуацијата на пристигнатите понуди како и финалната селекција на кандидати ќе биде извршена од страна на комисија на Истражувачкото друштво „Урсус спелеос" по принцип на најповолна понуда
- Во случај на потреба, со селектираните кандидати може да се направи интервју
- Селектираните кандидати ќе бидат информирани за исходот од постапката на пријавување.